# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**247**

Врз основа на членот 58 ставот 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за оружје (Службен весник број 59/2012), министерот за внатрешни работи го усвојува следниот

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ПРАВНО ЛИЦЕ ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЗА ВРШЕЊЕ АКТИВНОСТИ НА ИСПИТУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ СО ПЕЧАТ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

Член 1

Овој Правилник ги пропишува условите кои мора да ги исполнува правно лице овластено за вршење активности на испитување и обележување со печат на огнено оружје (во понатамошниот текст: овластено правно лице).

Член 2

Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: Министерството) ќе издаде одобрување за вршење на активности на испитување и обележување со печат на огнено оружје на овластено правно лице кое ги исполнува кадровските, организациските и техничките услови пропишани со овој Правилник.

Член 3

Овластените правни лица мора да имаат вработено доволен број на извршители за вршење на активности на испитување и обележување со печат на огнено оружје, како што следи:

– технички директор, инженер од машинска струка, со познавање на англиски или германски или француски јазик и со искуство во производство или сервисирање на огнено оружје или со завршено стручно оспособување или работно искуство во некој од заводите (установите) за испитување и обележување со печат на огнено оружје признаено од Постојната меѓународна комисија за испитување на лесно оружје – Commission Internationale Permanente d'Epreuve des Armes Portatives (во понатамошниот текст: C.I.P.);

– извршители од машинска струка (инженери, техничари и квалификувани работници) со искуство во производство или сервисирање на огнено оружје или со потврда за завршено стручно оспособување или работно искуство во некој од заводите (установите) за испитување и обележување со печат на огнено оружје признаено од C.I.P.

Сите вработени во овластеното правно лице кои директно ги извршуваат активностите за испитување и обележување со печат на огнено оружје мора да ги задоволуваат општите и посебните услови пропишани со членот 10 ставот 2 точките 2, 3, 4 и 5 и ставот 3 од важечкиот Закон за оружје.

Член 4

Овластените правни лица од аспект на техничка нормализација и извршување на испитување и обележување со печат на огнено оружје, организациски мора да биде поставено според регулативата за C.I.P. и мора да има воспоставен систем зак контрола на квалитетот.

Овластените правни лица мора да ги исполнуваат условите за акредитирана лабораторија во согласност со општите барања за оспособеност на испитни и мерни лаборатории според нормата HRN EN ISO/IEC 17025 и според општите барања за установи кои вршат потврдување на производи во согласност со нормата HRN EN 45011. Потврдите за акредитација според наведените норми издадени од Хрватската агенција за акредитација (ХАА) овластените правни лица треба да ги стекнат во рок од четири години од денот на издавање на одобрувањето на Министерството за извршување на активностите за испитување и обележување со печат на огнено оружје.

Овластените правни лица мора да ја спроведуваат политиката за квалитет на C.I.P., да гарантираат користење на баждарена опрема и спроведување на постапките за испитување што се пропишани во процедурите за работа и одлуките на C.I.P., кое на корисникот ќе му гарантираат сигурност на испитаното оружје, како и да гарантираат независност на добиените резултати од испитувањето на оружјето во однос на производителот на оружјето.

Член 5

Овластено правно лице мора да поседува простории за испитување и обележување со печат на огнено оружје, простории за пробно пукање на муниција кои простории се опремени со соодветни стопери на испукани зрна (сачма) муниција како и со уреди за вентилација и заштита од бучава.

Освен просториите од ставот 1 од овој член, овластено правно лице мора да поседува и просторија наменета за прием и издавање на оружје, како и просторија за чување на оружјето.

Просториите од ставовите 1 и 2 од овој член, освен просторијата наменета за прием и издавање на оружје, мора да ги задоволуваат просторните и техничките услови во врска со противпожарна заштита, заштита од кражба и други злоупотреби и незгоди, пропишани со посебни прописи за специјални услови за производство, сместување и промет на оружје и муниција, поправање и преправање оружје, како и водење на цивилни стрелишта.

Член 6

Овластено правно лице мора да поседува соодветна опрема, инструменти и алатки потребни за спроведување на испитување и обележување со печат на огнено оружје, а како минимум: простор за различни видови оружје, инструменти за вршење контрола на димензиите, инструменти за мерење на тврдоста, инструменти за регистрирање на пукнатини, уреди и алатки за гравирање и означување со печат, како и уреди за мерење притисок.

За опремата од ставот 1 од овој член како и за целата останата опрема која што ја поседува и користи, овластено правно лице мора да има извршени соодветни атести и извештаи за мерење издадени од страна на акредитирана мерна лабораторија.

Член 7

Овластено правно лице мора со својот општ акт да пропише мерки за заштита на податоците (водење белешки и архива, чување документација, заштита на интерни дигитални евиденции, податоци за меѓу–лабораториска соработка и за размената на податоци) и начинот на спроведување на таквите мерки и мора да ја гарантира професионалната доверливост на податоците и безбедноста на деловната соработка.

Член 8

Исполнувањето на условите пропишани со овој Правилник ги утврдува Комисијата на Министерството која ја именува Министерот за внатрешни работи.

Член 9

Овој Правилник стапува во сила на осмиот ден од денот на неговото објавување во Службениот весник.

Број: 511-01-152-61279/2-2012.

Загреб, 29 јануари 2013 година

Министер

**Ранко Остојиќ,** *своерачен потпис*